| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | „Животните во зима“ |
| **Содржина на денот** | Весели животни |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно и почесто миење на рацете. |
| **Активност** | За оваа активност потребни се слики, апликации,сликовници, звучни сликовници од домашни животни и птици. Доколку тоа го немате во домот можете на детето да му покажете слики од домашни животни и птици на интернет. Разгледувајте ги заедно и кажувајте ги имињата на истите.<br>Дозволете му на детето само да ги именува животното и доколку го погреши зборот, обидете се повторно и правилно да го каже. На следниот линк можете да слушнете звуци од разновидни животни.<br>https://youtu.be/Gg1AwImc86M<br>Откако ќе ги слушнете звуците од домашните животни и птици, повторувајте ги на тој начин што ќе го прашате детето, како прави петелот? Тоа треба да го имитира звукот на петелот, доколку има потешкотии помогнете му на детето. И најмалиот и неправилен звук што ќе го испушти детето, за него е голем напредок, пофалете го.<br>Доколку детето покажува интерес за оваа активност можете да ја играте играта „Пантомима на животни“. Пр:Покажете му на детето слика или некој клип со зајаче и имитирајте ги неговите движења.<br>На оваа возраст децата сакаат да истражуваат со рацете и бојата. Испринтајте или нацртајте му некое животно, детето нека печати со темперна боја со неговите прсти и дланки.<br>Во прилог се фотографии од домашни животни и птици. |